## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Четириесет и осмата седницата на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 мај 2000 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше д-р Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

(Влегувањето на претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски во салата беше проследено со аплауз).

Дами и господа пратеници, ја отворам Четириесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго, ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието.

На седницата присуствуваат: претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, дипломатски претставници на странски држави во Република Македонија.

Го молам претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски, да му се обрати на Собранието.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:**

Почитуван г-дин претседател на Собранието, г-дин премиер, господа министри, пратеници, Ваша екселенција, драги гости.

Чест ми е што можам денеска сите вас топло да ве поздравам во ова седиште на демократијата, во овој висок дом, во кој седат народните избраници за да ја вршат својата крајно одговорна и тешка задача.

Сакам да им испратам поздрави и на моите пријатели пратениците од СДСМ и на пратениците од Демократската алтернатива, со надеж дека, а и верувам дека сега во овој момент се покрај телевизиските екрани и со посебно внимание го следат мојот настап.

Многумина ме прашаа зошто се обраќам во Парламентот напролет, а не наесен. Некои дури ја критикуваа оваа идеја и можеби имаа право. Во последните девет години стана традиција претседателот на Републиката да му се обраќа на овој дом еднаш годишно.

Но, според Уставот тоа е минималното ограничување. Мислам дека треба да започнеме со една нова традиција.

Причините за моето денешно обраќање овде пред овој уважен дом се повеќекратни, а во нивната основа лежи мојата грижа за стабилното функционирање на институциите на системот во државата, за развивањето на демократските процеси и почитувањето на човековите права и хармонијата на меѓуетничките односи.

Понатаму, сакам да ја нагласам потребата од мобилизација и кохезија во натамошното зацврстување на меѓународните позиции на Република Македонија, а особено мојата желба и на овој начин да го поддржам реформскиот курс на Македонската Влада, кој има силна потпора и од меѓународната заедница, бидејќи ќе ја стабилизира Република Македонија на долг рок и ќе го подобри животниот стандард на населението.

Под овие сводови се донеле многу значајни одлуки и се слушнале многу жолчни дискусии, а оваа сала честопати била арена на развојот на нашите демократски процеси. Јас ви се обраќам денеска со желба да ја поттикнам нашата демократија. Сакам да влијаам врз нејзиното подобрување, со тоа што ќе застанам пред народот и пред народните пратеници за да ги изразам своите размислувања и ставови за некои актуелни процеси значајни за нашата иднина. Сакам нашиот Парламент да биде релевантна сила во остварување на доброто за Република Македонија. Сакам сите заедно, Парламентот, Владата и сите граѓани - да изнајдеме решенија за проблемите и за сочувување на стабилноста. Не сакам да седам затворен зад вратите на мојот кабинет, бидејќи излезот од проблемите не можеме да го најдеме зад затворени врати. Ние мораме да ја следиме ориентацијата кон стабилен економски развој и унапредување на меѓународната позиција на нашата земја. Од една страна тоа подразбира следење на меѓународно подржаниот реформски курс, кој значи долгорочна стабилност на државата и подобар животен стандард. Од друга страна, неопходно е да продолжиме со соработката со стратешките партнери, особено НАТО, ЕУ и САД, Руската федерација и другите земји пошироко во регионот и подалеку.

Особено сакам да го изнесам своето видување за актуелниот политички живот во земјава и начинот на кој тој се

манифестира. Имено, стана секојдневие да слушаме меѓусебни обвинувања, за тоа кои се предавници, кои се продавачи на Република Македонија, а кои пак се нејзини чувари и заштитници. Сметам дека тоа е израз на недостаток на политичка култура и самодоверба.

Мојата порака денес е едноставна и умерена, бидејќи се определив да зборувам за нашата иднина, а не за нашето минато. Оваа порака, иако е посмирена, ја бара вашата поддршка, вашето партнерство и доверба во заедничкото делување, за да продолжиме да ја градиме Република Македонија и демократијата во неа.

Не сакам да учествувам во политичките војни што се водат меѓу партиите, ниту пак сакам на било кој начин да бидам вклучен во битките меѓу Владата и опозицијата. Таквите судири, кои напати се проследени со не контролирана реторика, се неопходен, иако не секогаш привлечен дел на нашиот демократски политички живот.

Нема да зборувам долго, но ќе говорам од срце, онака како што човек му се обраќа на човека.

Суштината на мојата порака е лесно разбирлива и таа гласи, мораме да го направиме она што е најдобро за Република Македонија. Мораме да ги ставиме националните интереси над партиските. Мораме да издржиме во процесот на реформите за да создадеме подобра иднина за нашите деца и нашите внуци.

Од оваа позиција во која се наоѓам, Претседател на Република Македонија, пред мене се простира единствена глетка. Ја набљудувам целата татковина со една мисла, не можеме слепо да ја браниме својата партија или кружок или идеологија. Треба да знаеме дека не постојат едноставни одговори на прашањата и проблемите што ги засегаат нашите семејства и соседи. Откако еднаш ќе застанете овде на моето место, сфаќате дека обичните зборови повеќе не се доволни за да не движат напред.

Некои сакаат вината да ја префрлат на своите политички противници, само за да дојдат до власт или да ја сочуваат власта и влијанието што ги имаат на било кое ниво во државата.

Други пак, се расфрлаат со мошне тешки зборови за некакво уништување на Македонија. Во време кога мораме да ја изградиме нашата држава, мачно редејќи тула по тула, не ни е потребно повторно враќање во минатото каде политиката и алчноста го јадат креативниот потенцијал на нашиот народ.

Моја задача и одговорност е да го пронајдам она што е најдобро за нас и во нас и што е најдобро за нашата татковина. Не смееме да дозволиме мракот на секобниците да не вовлече во бура на неизвесност.

Некои се обидуваат да потпалуваат искри што би ја загрозиле оваа земја.

Сите ние заедно, мораме да се бориме против тие жаришта и огнот да го наведеме во топлите огништа на просперитетот. Ајде сите заедно да им ставиме точка на политичките конфронтации и театралности. Како што еднаш била запишано: "Овде годишните времиња се менуваат за да траат, а не да гнијат. Одовде молњите му испраќаат ведрина на светот."

Драги пријатели, немаме време за губење во политички игри. Времињата се менуваат, но не треба да донесат гнилеж на хаотични состојби. Погледнете низ прозорецот. Вашите соседи страдаат. Луѓето немаат работа. Семејствата и пензионерите одвај преживуваат. Зарем може некој да се осмели да го злоупотреби сето ова страдање само за да се дограби до власт или да се одржи на власт таму каде што ја има. Ние мораме да најдеме храброст да го направиме она што е најдобро за нашата земја.

Нека биде тоа пораката што ќе му ја испратиме на светот: ние сме успеале да изградиме нешто единствено и убаво од толку малку.

Лесно е да се разградува, да се фрлаат камења низ прозорци.

Сите еднакво добро знаеме колкава храброст, пот и труд се потребни за да се создаде и изгради нешто.

Дел од мојата платформа во изборната кампања беше економски просперитет и отворање нови работни места. И сега, како и тогаш, искрено верувам дека економскиот напредок е основа за целосната стабилност не само на Македонија, туку и на целиот регион.

Слободната пазарна економија е единствениот економски систем што им овозможува на луѓето да обезбедат економска стабилност на своите семејства, домаќински да работат и да им помагаат на оние кои имале помалку среќа. Слободната пазарна економија е единствен економски систем што ја поттикнува креативноста, истрајноста и работливоста за градење на подобар живот. Мораме да изградиме таков систем кој ќе одговара на слободните

пазарни економии на нашите европски партнери.

Во моментов нашата економија и законите со кои се регулира таа, се во фаза на менување. Сето тоа се прави за доброто на нашата земја.

Се спроведуваат многу реформи кои се неопходни за економската добросостојба. Со нив требало да се започне пред повеќе години, но тогаш недостасуваше политичка храброст за да се оди напред.

Иако со големо задоцнување, реформите ги почнавме и цврсто сме решени да истраеме во определбата да ги спроведеме до крај, бидејќи сме доволно храбри. Многу добро знаеме дека реформите сами по себе не се популарни, ниту се лесни и бараат жртви.

Но, Владата, Парламентот и јас мораме да водиме сметка тој товар еднакво да го понесеме сите и за разлика од тие што порано ветувале дека преку ноќ и со волшебно стапче, ќе станеме богати, јас и во оваа прилика кажувам дека навистина ќе биде тешко. Но предизвикот не можеме веќе да го одлагаме. Сите што се подготвени за тој курс треба да соработуваат заедно, бидејќи тоа е врвен национален интерес. Јас повикувам денес на сплотеност и соработка за неговото остварување.

Сосема сум свесен дека голем дел од граѓаните на Република Македонија веќе чувствуваат огромни тешкотии и имаат причина за незадоволство. Но, тие тешкотии не се од денес, не се ниту од вчера.

Тие се таложени со години. Прашање е дали сега треба да запреме со реформите. Се разбира дека никој нема за цел да го осиромаши нашиот граѓанин, ниту пак веќе сиромавиот да го доведе до буквално гладување и губење на достоинството. Реформите ќе покажат најдобри резултати, токму за тие кои се најзагрозени и за најниските социјални слоеви.

Сега вас почитувани пратеници, министрите и целата македонска јавност ќе ве запрашам - дали ние како претставници на народот, како државни органи, како политички, синдикални и други организирани субјекти, дали ние - едноставно како граѓани на Република Македонија сме подготвени да го издржиме овој прв и најтежок чекор, кон остварувањето на реформите или сакаме да ги одложиме и понатаму да останеме заробени во кафезот на сиромаштијата?

Дали е во ред да бараме од Владата да се откаже од реформите, заради некој моментален мир во куќата или заради вештачко држење на привидот на просечен стандард на кој сме навикнале говорејќи си секогаш "Господ да чува од полошо", а без да гледаме дека лошото низ годиниве полека и тивко навлегуваше веќе во нашите домови.

Им се обраќам на политичките партии и синдикатите - место да се натпреварувате во лидерство околу тоа кој ќе биде поуверлив во убедувањето дека оваа Влада не сторила ништо или пак дека се што прави е лошо, зошто не станете натпреварувачи во лидерството во тоа како да им се објасни на граѓаните дека ова е најтешката фаза и дека мораме да ја надминеме.

Не е време да собираме поени врз сиромаштијата и бедата на народот. Не е време за градење рејтинзи и листи на популарност врз тоа кој ќе каже повеќе пакости на сметка на денешната ситуација, со која се разбира, никој не е задоволен.

Синоќа, враќајќи се дома, затекнав еден гостин на Македонската телевизија, кој многу кратко кажа. Вели, одредени луѓе кои во минатото добро се нафатираа со пари, а денес вели прават собирање дали во "Александар Палас" или незнам на кое место, или чествуваат формирање на такви или онакви коалиции, тие добро се етаблираат во економскиот живот, меѓутоа, денес само им останува тоа да го формализираат преку добивањето на фотељите на власта.

Народот тоа не го очекува и не го сака. Подобро ќе биде да се вратиме таму каде што одевме да молиме кога ни требаа нивните гласови за локалните, за парламентарните или за претседателските избори. Таму е базата каде што ние треба да разговараме и да се среќаваме. Тогаш ни требаа тие, а сега и се додека седиме во фотељите благодарение на нивните гласови, им требаме ние за полесно да ги пребродат овие реформи.

Треба што почесто да излегуваме од ладовината на нашите кабинети и од тесните партиски кругови, во кои лагодно кроиме политика како да му наштетиме на политичкиот противник, понекогаш успевајќи да собереме по некој поен за дневна употреба.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Треба да слеземе меѓу народот, да го слушнеме неговиот глас, неговиот став, неговото мислење. Да се соочиме со вистината што обичниот човек, со неговата

простодушност што плени, умее да ја каже директно во очи. Јас тоа го доживеав.

Лидерството не значи да се биде популарен, туку понекогаш треба да се жртвува популарноста за да се направи она што е вистинското за иднината на нашата земја и нашиот народ.

Јас долго и напорно ги проучував овие реформи. Барав начини како да се спроведат што побезболно. Дадов предлози и направив промени таму каде што оценив дека беше потребно. Сакам сите да знаете, дека сосема независно од тоа дали во Република Македонија ќе ја имаме оваа или некоја друга Влада, јас со еднаков жар ќе ги бранам реформите и потребата од нивно што побрзо потемелно спроведување.

И Владата и опозицијата знаат дека нема друг избор освен да продолжиме со реформите. Оние што се денес малцинство во овој парламентарен дом и кои на секој начин се борат да се доберат до власта, мошне добро знаат дека не ќе имаат друг избор освен да продолжат во истата насока, а овие реформи ако не се спроведат, Македонија ќе продолжи да осиромашува.

Ако постоеле подобри решенија за унапредување на нашиот просперитет, зошто тие не биле применети? Чекавме осум години и ништо не се случи. Сега, барем некој започнува да ги решава највиталните проблеми, кои влијаат врз животот на нашиот народ.

Ова не го кажувам од лојалност кон некого, туку го кажувам, бидејќи е голема вистината во него. Опозицијата многу добро знае дека, ако сакаме модерна и побогата Македонија, мораме да се преструктуираме и да изградиме поздрава економија. Мораме да се здружиме за таква заедничка цел.

Драги пријатели, ве уверувам дека за мене не е важно кој ја има власта, се додека таа власт е освоена по демократски пат и се додека претставниците на таа власт ги ставаат интересите на нашата земја на прво место. Ќе ја поддржувам Владата кога е во право и ќе ја бранам опозицијата, кога тие се во право. Тоа исто така ќе го правам, ќе критикувам, исто кога работите не се движат во насока која е најповолна за сите нас. Претставниците на власта го знаат ова, а го знае и меѓународната заедница. Верувам дека и граѓаните на Република Македонија го знаат ова.

Ако на следните избори се појави цела нова гарнитура на лидери, јас ќе работам со нив и ќе се борам со нив за да ја направиме посилна и по просперитетна нашата земја. Но никогаш нема да се откажам од моето право да ги бранам интересите на државата, на Македонскиот народ и на припадниците на сите националности што живеат во Република Македонија.

Почитувани пратеници, лидерот на опозицијата неодамна одржа елоквентен говор и јас се согласувам со многу работи што тој ги кажа. Тој е во право кога вели дека неговата влада помогнала да се создаде држава. Тоа беа тешки и опасни времиња.

Но, тој, исто така, признава дека направиле грешки, признава дека власта им имала удрено во глава. Признава дека се беа оттуѓиле од луѓето.

Признава дека понекогаш им прогледувале низ прсти на негативните појави. Вели дека не може да си прости за некои работи што биле сторени. Токму поради се ова денес имаме нова Влада и нова гарнитура на лидери. Токму поради тоа денес место ним, на некој друг му е дадена шанса да се бори за просперитет. Токму поради тоа, тој денес е место нив опозиција.

Јас ја поздравувам неговата искреност и правото да признае дека грешел. За такво нешто човек треба да има голема храброст.

Но, патот на функционирањето на демократијата е познат и ние не треба да измислуваме ништо ново. Една група ја презема власта од друга, а кога ќе истече мандатот се одржуваат избори. Претходната Влада го направи она што сметаше дека е исправно во тешки околности. Сега оваа Влада дава се од себе во подеднакво тешки околности. И мора да и се даде можност за да профункционираат нејзините реформи. Реформите и резултатите не се случуваат преку ноќ, или за еден месец, или пак за шест месеци. Честопати се потребни години.

Затоа денес се обраќам до народот и партиите - дајте и можност на оваа Влада да ги спроведе реформите. Се разбира, популарноста од ден на ден се зголемува или опаѓа и можеби еден ден актуелната Влада ќе ги упатува истите зборови до некоја друга, нова Влада. Но, за тоа ќе одлучи иднината и народот.

Денес, нашата држава не може да биде заложник на оние кои, без разлика дали се на власт или во опозиција, сакаат да владеат по секоја цена или пак оние кои ги ставаат партиските интереси над интересите на државата. Не смееме да дозволиме тоа да се случи ниту во власта, ниту во опозицијата.

Јас дадов завет дека ќе ја бранам нашата земја и Уставот, ако е потребно и со мојот живот. Ова е одговорност што ја сфаќам најсериозно.

Бидете сигурни, оние кои зборуваат за радикални опции се против демократијата и уставниот поредок.

Пријатели мои, сакам за момент да проговорам за еден од најголемите предизвици со кои се соочуваше нашата нација. Во регионот во изминатите десет години се случуваа тектонски потреси. Колку во почетокот да не ни се веруваше дека е вистина тоа што се случува, во тој хаос од историски промени ние имавме корист. Поради тие промени ние денес имаме држава.

Од друга страна, и ние, како и нашите соседи плативме високи цени во борбата за независност.

Граѓаните на Република Македонија ја покажаа својата храброст и сила со тоа што успеаја да им одолеат на разните обиди да бидат втурнати во воениот виор. Република Македонија го положи тестот на моралните и етичките вредности пред чии искушенија беше ставена. Благодарен сум му на Господа што ние не потпаднавме под тоа искушение. Република Македонија покажа извонредна солидарност со страдалниците од косовската војна.

Многумина сметаа дека згрешивме што ги примивме бегалците. Многумина сметаа дека тоа беше преголем залак за Македонија. Но, јас и тогаш застанувајќи цврсто на позициите на одбрана на интересите на македонските граѓани и на Република Македонија, знаев, како и сега што знам дека тоа беше вистинскиот чекор, и дека нашата способност да ја пребродиме таа бура, ќе ги подобри нашите позиции на многу полиња.

Почитувани пратеници, меѓународната заедница прави огромни напори за стабилизација на состојбите во Косово. Јас, како впрочем и целиот разумен свет, сакам таа да успее. Бидејќи тој успех ќе биде и наш - колку заради нашето активно учество во целиот тој тежок и долготраен процес, толку и заради фактот што навистина е крајно време да здивнеме од проблемите на соседите и да се посветиме на своите проблеми, на својот развој и национален растеж.

Со полно право можеме да бидеме горди дека и во така сложени услови, создававме база за остварување на нашите стратешки цели.

Конкретниот резултат од тоа е неодамнешното почнување на преговорите со Европската унија за склучување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, а во Брисел беше позитивно оценет и Планот на подготовките на Република Македонија за членство во НАТО.

Овие започнати процеси ја водат нашата земја кон натамошно зацврстување на стабилноста, безбедноста и просперитетот.

Откако ќе влеземе во НАТО, нашата одбрана ќе биде безбедна и никој повеќе не ќе посегне по нас.

Нашите граѓани заслужуваат таква безбедност и стабилност.

Формалното членство во евроатланските структури нема да се случи преку ноќ, но ние веќе сме постигнале значителен прогрес.

Република Македонија ќе продолжи на тој пат.

Но, за да се постигнат овие важни цели, не смееме да дозволиме омразата и не толеранцијата меѓу нас да се накотат и како бурјан да ја обвиткаат нашата татковина.

Безбедноста и стабилноста на Република Македонија зависат од нашиот европски пристап кон проблемите, од правењето компромис кога тоа е потребно, но со решавање на проблемите тука, во оваа просторија на демократијата.

И мораме да им испратиме порака на оние кои ги подбуцнуваат демоните на не толеранција, сепаратизам и екстремизам дека не се добредојдени во Македонија, кои и да се и од каде и да се.

Драги пријатели, денеска пред сите во Република Македонија и пред лидерите на меѓународната заедница, сакам да изјавам дека јас, како претседател на оваа држава ќе ги штитам нејзините граници со сите средства, ќе го бранам Уставот и сите наши граѓани.

Косово се уште постои како потенцијален проблем за своите граѓани.

Луѓето сеуште страдаат и умираат катадневно.

Некои кои порано биле жртви сега се насилници. Невини луѓе гинат и на двете страни. И сите ние го следиме тоа со грижа во срцата.

Не смееме да дозволиме уште еднаш неправда да го втурне Косово и во насилство, а одново регионот да се соочи со дестабилизација.

Обезбедувањето на траен мир и просперитет во регионот е можно само со напуштање на великодржавните и големо националните концепции и низ решавање на сите прашања и проблеми на мирен начин и по пат на дијалог и целосно почитување на општо прифатените меѓународни и европски принципи, вклучувајќи ги и националните права и слободи.

Доследното почитување на постоечките граници, треба да биде апсолутна задача на сите нас и сите заедно треба да се спротивставиме на секакви обиди за нивно прекројување.

И сега сакам да ве потсетам, дека уште од осамостојувањето на Република Македонија од разни страни, но главно од нашето соседство, од време на време се слушаат изјави за загриженост за нашата држава и за нивната подготвеност да и помогнат.

Без оглед на карактерот на таа грижа, би сакал да ги потсетам оние кои уште живеат во минатото дека Република Македонија е полноправен и рамноправен субјект на меѓународната заедница, со сите права и обврски.

Државата ги има ингеренциите, сувереното право и способноста да комуницира со меѓународните фактори, секогаш кога самата ќе процени дека за тоа има потреба.

Освен тоа, добро е познато и широко меѓународно признато, дека Република Македонија во изминатиот турбулентен период, во услови на силни надворешни искушенија, успеа не само да ја одржи својата стабилност и безбедност, туку со полно право да го понесе епитетот генератор на стабилноста и безбедноста во регионот.

Добро соседските односи и нивното постојано унапредување и ширење и натаму ќе биде нашиот голем придонес во напорите на меѓународната заедница за стабилизирање и европеизација на регионот.

Република Македонија на сите соседи и натаму со еднаква топлина им подава рака на пријателство и соработка.

Драги пријатели, денеска од оваа говорница, со сиот респект кон секого поединечно, сакам да ве прашам:

Дали сите вие сте подготвени и кадарни да го ставите националниот, пред партискиот и личниот интерес?

Само за момент погледнете ја поширокаta слика.

Погледнете на работите од друга гледна точка.

Не посакувајте само краткорочна добивка.

Ова се однесува и на оние кои што денес не се во овој дом.

Заборавете на тоа што можете да го добиете вие како поединци, независно дали се работи за пари, моќ, па исто или слава.

Погледнете го својот народ и својата земја и запрашајте се што тие бараат од вас.

Во изминатиот период, посетив граѓани и лидери ширум цела Македонија - од Охрид до Скопје, од Кочани до Дебар, од Велес до Кратово па и Крива Паланка.

Пораката на нашите луѓе е насекаде иста: дајте ни вработување и подобар животен стандард.

Престанете со политичките битки и бескрајното пазарење.

Јас ја чув нивната порака и им ветив, дека јас ќе бидам нивниот глас на разум.

Сите ние знаеме дека за да ги одржиме ветувањата што сме им ги дале, ќе ги оствариме единствено низ целосно завршување на тековните реформи.

Исто така, ако сакаме да влеземе во ЕУ и да станеме членка на НАТО, мораме да ги спроведеме тие реформи.

Ако сакаме да бидеме дел од новата економија, не можеме да останеме закопани во минатото.

Мораме да се жртвуваме денес за нашите деца и внуци утре да живеат подобро.

Долго чекавме и сега е време да му ставиме крај на чекањето.

Ајде заедно да тргнеме напред.

Почитувани пратеници, ова Собрание се состои од 120 членови.

Ним им е доделена света задача од страна на луѓето кои ги претставуваат и поради кои тие денес ја имаат власта во свои раце, не како поединци, туку како група.

Никој не може да им се наметне на другите, разединети не можат да сторат ништо, а заедно можат да постигнат многу.

Мислам на Слободан Даневски и патот што тој го измина од Свети Николе за да стане пратеник во ова Собрание.

Луѓето од Неготино го испратија Илија Георгиев, да ја тера работата за нив.

Замир Дика од Дебар, доктор Деспина Марковска од Берово, Амди Бајрам од Шутка, Мевљан Таири од Скопје, Владо Сугаревски од Логобарди. Петар Гошев и Столе Попов од Скопје, Љубисав Иванов - Зинго од Кратово.

Сите тие и многу други се дојдени тука за да ја градат иднината на Република Македонија.

Сите тие најдобро знаат дека, мораат да ги застапуваат барањата на граѓаните, бидејќи во спротивно, не го оствариле она што го ветиле.

Сакам нив, како и на останатите членови на ова Собрание, да ги поттикнам за нешто што го споменав пред малку - да го слушаат народот.

Одете и одржете состанок во вашата општина, поканете ги тие што ве избрале и прашајте ги за нивните маки.

Верувајте ми, тоа е одличен начин за да подобро да се сфати, зошто воопшто сите ние сме биле избрани.

Пред малку реков дека лидерот на опозицијата е во право кога вели дека, тие помогнале да се изгради држава.

Но, тој не може да го смета само за своја заслуга она што целиот народ на Македонија го направил.

Токму поради храброста на граѓаните на Македонија, а не поради делувањето на некој политичар поединечно, ние денес имаме независна држава.

Сепак, таа храброст се уште не создала просперитет.

Македонија заслужува да биде многу повеќе отколку да биде еден кафез на сиромаштија, а нашите луѓе бараат многу повеќе од елементарно преживување.

Не можеме да си дозволиме оддолжување или играње со нашиот просперитет и иднина.

Доволно време е изгубено и тој луксуз веќе не смееме да си го дозволиме.

Почитувани пратеници, ајде да се обединиме за заедничка цел.

Да ја тргнеме настрана политиката на опструкции и деструкции, зашто немаме време за губење.

Бесмислено ќе биде да си ги спасуваме партиите, ако ја загрозиме безбедноста и стабилноста на Република Македонија.

Јас ќе го бранам она што е добро за нашата земја.

Ако почувствувам дека се движиме во погрешна насока, ќе се борам повторно да се вратиме на вистинскиот пат.

Се сретнав со многу светски лидери и секој од нив ме посоветува на прво место да ги ставиме реформите.

Сите не охрабруваат да издржиме на реформскиот курс и на патот на остварување на нашите стратешки цели.

Еден ден ќе се сетиме на ова време и посакувам тогаш кога ќе погледнеме наназад да можеме да кажеме дека сме постапиле правилно.

Посакувам луѓето кои денес седат во Владата да можат да се осврнат на ова време со мисла дека ги направила неопходните реформи за да се подобри економската состојба во нашата земја.

Исто така, сакам оние кои денес се опозиција да можат да погледнат наназад и да кажат - да, ја критикувавме Владата кога не се согласувавме со неа, но со својата конструктивност придонесовме во градењето на нашиот општ просперитет на државата.

А јас би сакал да можам да се потсетам на овие мигови со мисла дека сум им советувал на луѓето да живеат според музиката на подобрите ангели: "Да не им го правиме на другите, тоа што не сакаме нам да ни го прават".

Тука ќе потсетам на една поетска мисла која вели: "Да застанеме едни пред други и долго да се гледаме во очи, за да можеме да го одбраниме она што ќе ни се роди. Да можеме да кажеме, да ова е првата пролет по потопите".

Пријатели мои, ајде да изградиме иднина каква што заслужуваме.

Во моментов, сите ние мораме да се бориме за заедничката цел: "Да го подобриме животот на нашиот народ".

Господ нека ве благослови сите и Господ нека ја благослови Република Македонија.

(Пратениците станати му аплаудираат на претседателот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот претседател за излагањето.

Ја заклучувам Четириесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,55 часот).